Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 02-825/2
06.06 2024 год.
ШТИП

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП Исар Штип, Управниот одбор на ЈП "Исар Штип" на својата 59- та седница одржана на ден 06.06.2024 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување**
**на Ценовник на услуги на ЈП "Исар" Штип**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен со арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год.

**Член 2**

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник на услуги на „Градски Пазари" при изготвувањето на Одлука бр.02-1854/2 од 26.10.2023 год. поради техничка грешка во редните броеви :
- точката под ред.бр.8 со опис "месечна закупнина за урбана опрема-монтажен објект со површина од 15.80м2 ", станува точка под ред.бр.9
- точката под ред.бр.9 со опис "месечна закупнина за урбана опрема-монтажен објект со површина од 13.89м2 ", станува точка под ред.бр.10

**Член 3**

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник на услуги на „Градски Пазари", по точка 10 се додава нова точка со реден број 11 која гласи :

| Ред.бр | Опис | Цена со вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 11 | Закупнина на простор за дотур на стоки на плато 2 | 295,оо ден./ дневна<br>944,оо ден./ месечно |

**Член 4**

Во останатиот дел Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен под арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год. останува непроменет.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила по усвојувањето од страна на Советот на Општина Штип, а со денот на објавувањето на истата во Службен гласник на Општина Штип .

ЈП "Исар" Штип
Управен одбор
Претседател

Тоше Ристов

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ...

15.07.2024

02 825/3

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 јуни 2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА ЈП „ИСАР“- ШТИП

### Член 1

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип.

### Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип со архивски број 02-825/2 од 06.06.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 6 јуни 2024 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4013/1
27 јуни 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова